**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-10/24**
**13.05.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 25.04.2024 година, од Мартина Мартиновска, ул:„... Скопје, Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 13.05.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Мартина Мартиновска од Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 25.04.2024 година, поднесе Мартина Мартиновска од Скопје, со кое побара:

Број на поднесени обвиненија за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, за период од 01.01.2020 година до 31.12.2023 година, вкупен број на предмети за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, за период од 01.01.2020 година до 31.12.2023 година, вкупен број на донесени пресуди за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, за период од 01.01.2020 година до 31.12.2023 година, број на осудени лица за извршено кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, за период од 01.01.2020 година до 31.12.2023 година, броевите на предмети на правосилни одлуки за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, за период од 01.01.2020 година до 31.12.2023 година.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, односно во АКМИС-систем утврди дека во период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година поднесено е 1-едно обвинение за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, во период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, поднесено е 1-едно обвинение за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, поднесено е 1-едно обвинение, во период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година поднесено е 1-едно обвинение за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ.

Под точка 5, 6, 7, 8 од барањето, во период од 01.01.2020 година до 31.12.2023 година заведени се 4-четири предмети за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ.

Под точка 9, 10, 11, 12, од барањето, во период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година донесена е 1- една пресуда за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, во период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, донесена е 1-едно решение со кое постапката се запира за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, за кривично дело

Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, донесена е 1-една пресуда, во период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година донесена е 1-една пресуда за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ.

Под точка 13, 14, 15, 16 од барањето, во период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година за извршеното кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, осудено е 1-едно лице, во период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, нема осудени лица за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, нема осудени лица, во период од од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, осудено е 1-едно лице.

Под точка 17, 18, 19, 20 од барањето, во период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година за извршеното кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, предметот К-185/20 е правосилен, во период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година, за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, предмет е К-215/21 е правосилен, во период од 01.01.2022 година до 31.12.2022 година, за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ, предмет е К-173/22 е правосилен, во период од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година предмет е К-453/23 е правосилен за кривично дело Злоупотреба на лични податоци од чл.149 од КЗ.

Основен суд Куманово, СПИ - 10/24 од 13.05.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска